Неделна Тема	Пред Нова Година
Содржина на денот	Декорирање на новогодишна елка
Возраст	2-3 години
Воспитувач	Дајана М. Костова
Дневни активности	
Здрави и безбедни навики	Разговор за факторите кои придонесуваат за одржување на нашето здравје (правилна исхрана, прошетки, сон, хигиена).
Активности	Со Вашето дете разговарајте за украсувањето на новогодишната елка, односно за разновидните лампиони со кои се украсува елката. Заедно декорирајте ја Вашата новогодишна елка, слушајте новогодишни песни и уживајте во празничната атмосфера во Вашиот дом. (слика 1) За оваа возраст, најинтересно е, печатењето со прст на новогодишна елка но може и со цела рака (слика 2). Земете зелена боја и заедно со Вашето дете печатете ја елката која ја нацртавте. Со прстот детето може да земе од омилената темперна боја и на елката може да додаде лампиони. (слика 3)